ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бр. 5, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 054
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA
CERTIFIED
EN ISO 9001
CERTIFICATE NO. 20 100 131352879
TÜV AUSTRIA CERT GMBH

Датум: 14 ноември 2017

# ИНФОРМАЦИЈА

## За барање за донација за лекување во странство на осигуреното лице В.З.

Фондот за здравствено осигурување, во однос на апелот за донација за лекување во странство на девојчето Валерија Зафировска, стапи во контакт со родителот и утврди дека осигуреното лице не располага со конзилијарно мислење од соодветна македонска здравствена установа.

Иако немаме добиено барање за лекување во странство на малата Валерија, Фондот за здравствено осигурување веќе закажа состанок со стручните лица од ЈЗУ УК за неврохирургија и со ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести кои ќе го дадат својот наод и стручно мислење.

Фондот максимално брзо ќе одговори и ќе излезе во пресрет на барањето за лекување во странство за осигуреното лице доколку конзилијарно мислење е потврдено од соодветната клиника и во согласност со законските прописи.

Фондот искрено се надева дека лекувањето ќе биде успешно. На крајот би сакале да додадеме дека наша прва и основна цел е грижата за осигурениците.